

# ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО: ВОДИЧ ЗА КОРИСНИЦИ

VENICE COMMISSION
COMMISSION DE VENISE

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, ДЕМОКРАТИЈА, ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## Владеењето на правото, демократијата и човековите права, трите столба на Советот на Европа, се тесно поврзани и неразделни.

- Демократијата обезбедува граѓаните да бидат вклучени во донесувањето на јавните одлуки;
- Човековите права ги заштитуваат индивидуите од арбитрерно и прекумерно мешање во нивните слободи и обезбедуваат човеково достоинство;
- Држава која се раководи со владеењето на правото обезбедува извршувањето на јавната власт да биде регулирано и надгледувано.

Владеењето на право промовира демократија бидејќи воспоставува одговорност за оние кои извршуваат јавна власт. Ги штити човековите права преку независен и непристрасен правен систем и ги штити малцинствата од арбитрерно владеење на мнозинството.

**Зошто е од суштинско значење?**

Држава без јасни правила е склона кон нестабилност и арбитрерност.

Владеењето на правото ги заштитува основните слободи на секој човек. Тоа е темел на модерните демократии.

**Владеењето на право почива на пет основни принципи:**

- **Законитост** – законите се однесуваат на сите и ја ограничуваат власта.
- **Правна сигурност** – законите се јасни, достапни и предвидливи.
- **Спречување на злоупотреба на власт** – проверки се спроведуваат како би се спречила арбитрерност.
- **Еднаквост пред законот и недискриминација** – законите ги заштитуваат сите и се применуваат еднакво, а дискриминацијата е забранета.
- **Пристап до независен и непристрасен суд** – секој може да ги брани своите права на суд.

Илустрација „Дама Правда“ подготвена од малтешката уметничка, Надин Теума (Nadine Theuma)





# ЗАКОНИТОСТ

## Законите се однесуваат на сите и ја ограничуваат власта

**Во држава раководена од владеењето на правото, постапувањето на властите и граѓаните се регулирани со демократски донесени закони. Извршната власт не може да ја извршува својата власт и да ја наметнува својата волја без ограничување или надзор.**

### Клучни принципи

- сите одлуки мора да бидат донесени во рамките на законот.
- законите мора да бидат донесени согласно јасен и транспарентен процес.
- одлуките на јавните власти мора да бидат преиспитани од страна на независно судство. Владата не може да си додели нови овластувања без да бидат следени правилата утврдени во Уставот.
- меѓународните конвенции и договори, како и одлуките донесени од меѓунароните судови мора да се применуваат и почитуваат.
- законот мора ефективно да се применува.

**Зошто е ова од суштинско значење?**

Ако власта не би морало да се извршува во рамките на законот, би била подложна на злоупотреба. На пример, владата би можела да ги ограничи слободите, своеволно. Јасноста и почитувањето на демократски донесените закони се гаранција за правда и еднаквост на сите.



# ПРАВНА СИГУРНОСТ

## Законите се јасни, достапни и предвидливи

**Правната сигурност овозможува законите да бидат јасни, достапни и превидливи и не се применуваат ретроактивно. На овој начин, сите ги знаат нивните права и обврски однапред.**

### Клучни принципи

- Законите и судските одлуки мора да бидат лесно достапни и разбирливи.
- Законите не смее да се менуваат непредвидливо и мора да бидат конзистентни.
- Лице не смее да биде осудено за дело кое во време на извршувањето не било предвидено како кривично или казниво дело.

**Зошто е ова од суштинско значење?**

Поединците мора да ги знаат нивите права и обврски како би можеле да постапуваат со сигурност. Закони кои не се прецизни или брзо се менуваат создаваат несигурност и нестабилност, правејќи ги поединците ранливи на непредвидливи санкции.



# СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА ВЛАСТА

## Проверки се спроведуваат како би се спречила арбитрерност

**Власт која е неограничена и неконтролирана води до неправда. Опасноста од апсолутна власт вклучува арбитрерни одлуки, корупција и политичка репресија. На пример, прекумерен надзор без судско одобрување или контрола може да доведе до повреда на човековите права.**

### Клучни принципи

- Поделба на власта: власта не смее да биде концентрирана во рацете на еден орган.
- Обврска да се даде образложение: јавните одлуки мора да бидат оправдани и објаснети.
- Судска контрола: сите јавни одлуки мора да бидат подложни на можноста за оспорување пред независни и непристрасни судии.

**Зошто е ова од суштинско значење?**
Без надзор, владата може да носи арбитрерни одлуки, да ги цензурира противниците, дури и да ги укине основните слободи. Владеењето на правото воспоставува заштитни механизми за спречување на злоупотреби.



# ЕДНАКВОСТ ПРЕД ЗАКОНОТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

## Законите ги заштитуваат сите и се применуваат еднакво, а дискриминацијата е забранета

**Владеењето на правото бара сите да имаат исти права и обврски утврдени со закон и да не постојат неоправдани разлики во начинот на кој се постапува кон нив.**

### Еднаквост пред законот значи

- Дека не смее да постои неоправдана разлика помеѓу поединци, ниту во законот ниту во неговата примена.
- Мора да се обезбеди заштита од сите форми на дискриминација.
- Истите права и обврски мора да бидат гарантирани за сите.
- Секој кој е дискриминиран мора да може да се брани.

**Клучни достигнувања – примерот за правото на глас на жените**

Одлагањето да им се даде на жените право на глас во Европа е пример на историска дискриминација. Финска беше првата европска држава кој им даде право на глас на жените во 1906 година. Дури после 1918 година ова право беше распространето во повеќето европски држави, а универзалноста на ова право во Европа е постигната дури во 1984 година. Денес, владеењето на правото не само што го штити правото на глас на жените, туку обезбедува и поттикнува нивно активно учество во политичкиот живот, без дискриминација.



# ПРИСТАП ДО НЕЗАВИСЕН И НЕПРИСТРАСЕН СУД

## Секој може да ги брани своите права на суд

**Пристап до независен и непристрасен суд им овозможува на луѓето да ги бранат своите права. На пример, Европскиот суд за човекови права има одлучено дека неможноста да се оспори пред суд престанокот на работен однос, или лишување од имот или престанок на правото на видување со деца претставува повреда на правата на апликантите. Брза и пристапна правда е клучна за обезбедување еднакви права.**

### Клучни принципи

- Секој има право да се обрати до суд и има право на правично судење пред независен и непристрасен суд.
- Пресудите се достапни и јасно образложени.
- Правен совет и правна помош се достапни за оние на кои им се потребни.
- Постапките се спроведуваат во разумен рок и се ефтини.
- Судските одлуки се извршуваат.

**Зошто е ова од суштинско значење?**
Без пристап до суд, граѓаните кои претрпеле неправда нема да можат да ги остварат своите права. Државата мора да гарантира независни судови и правосуден систем кој е достапен за сите.


PAX
TIBI
MAR
EVAN
GELI
STA

# ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО ВО ПРАКСА

## Улогата на Венецијанската комисија на Советот на Европа

**Венецијанската комисија им помага на земјите членки во креирање на уставни системи кои обезбедуваат неопходна примена на принципите на владеењето на правото. Комисијата исто така обезбедила алатка – Контролна листа на владеење на правото – да се оцени нивото на примена на принципите на владеење на правото во одредена држава.**

### Контролна листа на владеење на правото

Контролната листа на владеење на право од 2016 година ги претставува клучните принципи на владеењето на правото – законитост, правна сигурност, спречување на злоупотреба на моќ, пристап до суд, еднаквост и недискриминација – во облик на референтни вредности со детални параметри и релевантни извори.

Користејќи ја листата, владата, парламентот, граѓанското општество, како и меѓународните организации може да оценат до која мера се почитуваат принципите на владеењето на право во одредена држава. На овој начин, листата овозможува утврдување на слабостите или недостатоците кои бараат интервенција од државата. Венецијанската комисија има бројни препораки за тоа како да се отстранат таквите слабости или недостатоци.

## Кои сме ние?

Венецијанската комисија „за демократија низ право“ е советодавно тело на Советот на Европа за уставно право, составена од независни експерти.

Основана е на 10 мај 1990 година по предлог на италијанскиот научник Антонио Ла Пергола (Antonio La Pergola). По падот на Берлинскиот ѕид, Комисијата им помогна на бројни поранешни социјалистички држави да усвојат демократски устави и закони, и последователно да станат членки на Советот на Европа.

Денес, Комисијата им помага на земјите членки во спроведување на уставни и законски реформи во согласност со меѓународните стандарди. Почитување на препораките на Комисијата го олеснува процесот за членство во Европската унија.

## Мисија

По барање и преку инклузивен процес на консултации со домашните власти, државните институции, заинтересираните страни и граѓанското општество, Венецијанската комисија ги оценува уставните и законските реформи, особено во областите на правосудство и избори, давајќи незадолжителни препораки како да се подобрат овие реформи со цел почитување и спроведување на принципите на демократијата, човековите права и владеењето на право и создавање на ефикасни и одржливи системи на власт.

## Држави членки

Венецијанската комисија се состои од 46 членови на Советот на Европа и 15 други, од Америка, Африка и Азија.

## Зошто Венеција?

„Европската комисија за демократија низ право“ го доби името „Венецијанска комисија“ од познатиот италијански град во Лагуната, каде го одржа својот прв состанок и каде продолжува да се состанува четири пати годишно.

## 1990-2025 – Достигнувања

Во своето 35-годишно постоење, благодарение на својата независтност и непристрасност, професионализам и инклузивни методи на работа, Венецијанската комисија имала големо влијание во поттикнување на донесување на демократски устави и демократско функционирање на институциите. Комисијата, особено има придонесено во унапредувањето на почитувањето на принципите на владеењето на правото и зајакнувањето на поделбата на власта и судската независност во земјите членки.

- **1000+**: број на мислења и извештаи за уставни и законски реформи
- **50+**: број на изготвени или ревидирани устави со помош на Комисијата
- **200+**: број на независни правни експерти кои придонеле во работата на Комисијата

**Зошто е ова важно за сите нас?**

**Владеењето на право значи:**

Стабилна и мирна демократија.

Граѓани кои се слободни и заштитени од арбитрерно одлучување.

Поправедно, порамноправно општество.

Илустрации: Надин Теума (Nadine Theuma)

Превод: Ана Фуна
Сите права се задржани.
Ни еден дел од оваа публикација не смее да се преведува, репродуцира или пренесува, без претходна пишана согласност од Директоратот за комуникација (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int)
**www.coe.int**

Фотографии © Совет на Европа

© Совет на Европа, Декември 2025

**Интернет страна на Венецијанската комисија**
https://venice.coe.int


BUQUICCHIO

Оваа брошура ги обработува суштинските принципи на владеењето на правото: законитост, правна сигурност, спречување на злоупотреба на власт, еднаквост пред законот и пристап до правда. Овие принципи го претставуваат темелот на демократијата и човековите права, обезбедувајќи одговорно владеење, индивидуални слободи и општествена правичност. Дознајте како Советот на Европа, преку работата на Венецијанската комисија, ги поддржува државите во почитување на овие стандарди и заштита на граѓаните од арбитрерно вршење на власта. Ако сте носител на политики, студент или засегнат граѓанин, овој водич открива зошто владеењето на правото е важно и како ги заштитува нашите слободи секој ден.

MKD

**www.coe.int**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 46 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

VENICE COMMISSION
COMMISSION DE VENISE

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE